Врз основа на член 7 став (1) од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 февруари 2022 година, донесе

# О Д Л У К А

## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1014 на Советот од 21 јуни 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија

### Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1014 на Советот од 21 јуни 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија.

### Член 2

Оваа одлука се однесува на следните видови рестриктивни мерки:

- ембарго на оружје;
- ембарго на стоки и услуги;
- финансиски мерки;
- забрана за влез во Република Северна Македонија.

### Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање и Министерството за финансии-Царинска управа за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

### Член 4

Одлуката (ЗНБП) 2021/1014 на Советот од 21 јуни 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

### Член 5

Рестриктивните мерки против Либија се воведуваат на неопределено време.

### Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-12930/1-21
1 февруари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Димитар Ковачевски

# ОДЛУКА (ЗНБП) 2021/1014 НА СОВЕТОТ
## од 21 јуни 2021 година
## за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 31 јули 2015 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 ([1]) за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија.

(2) На 16 април 2021 година, Советот за безбедност на Обединетите нации (УНСЦ) ја донесе Резолуцијата 2571 (2021). УНСЦ потсети на Резолуцијата 2174 (2014), со која се одлучи дека мерките утврдени во Резолуцијата 1970 (2011), исто така, се однесуваат на поединци и субјекти што се занимаваат или даваат поддршка за дејствија различни од оние што се наведени во Резолуцијата на ООН 1970 (2011), што ги загрозуваат мирот, стабилноста или безбедноста на Либија, или го попречуваат или го поткопуваат успешното завршување на нејзината политичка транзиција. Тој, исто така, нагласи дека овие дејствија може да вклучуваат попречување или поткопување на изборите планирани во рамките на планот на Либискиот форум за политички дијалог.

(3) По процената на состојбата во Либија, меѓу другото, во врска со изборите планирани според планот на Либискиот форум за политички дијалог (ЛФПД), Советот смета дека е потребно да се разјасни дека критериумите за воведување рестриктивни мерки вклучуваат физички или правни лица и субјекти што ги попречуваат или ги поткопуваат тие избори.

(4) Затоа, Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 се изменува како што следува:

(1)во член 8, став 2(в) се заменува со следново:

„(в) учество или поддршка на дејства што ги загрозуваат мирот, стабилноста или безбедноста на Либија или што го попречуваат или го поткопуваат успешното завршување на нејзината политичка транзиција, вклучувајќи:

(i) планирање, насочување или извршување дејства што го прекршуваат применливото меѓународно право за човекови права или меѓународното хуманитарно право, или дејства што претставуваат прекршување злоупотреби на човековите права, во Либија;

(ii) напади врз кој било аеродром, копно или пристаниште во Либија или врз либиски државни институции или објекти, или врз која било странска мисија во Либија;

---

[1]Одлука (ЗНБП) 2015/1333 на Советот од 31 јули 2015 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија и за укинување на Одлуката 2011/137/ЗНБП (Сл. весник L 206, 1.8.2015 година, стр. 34).

(iii) обезбедување поддршка на вооружени групи или криминални мрежи преку нелегална експлоатација на сурова нафта или кој било друг природен ресурс во Либија;

(iv) закани или изнудувања против либиските државни финансиски институции и Либиската национална нафтена компанија, или учество во какво било дејство што може да доведе до проневера на либиските државни средства или да резултира со такви проневери;

(v) прекршување, или помагање во заобиколувањето на одредбите од ембаргото за оружје во Либија утврдено во Резолуцијата на ОН 1970 (2011) и член 1 од оваа одлука;

(vi) попречување или поткопување на изборите планирани во рамките на планот на Либискиот форум за политички дијалог;

(vii) преземање дејства за, во име на или под раководство на лицата или субјектите вклучени во списокот;“;

(2) во член 9, став 2(в) се заменува со следново:

„(в) учество или поддршка на дејства што го загрозуваат мирот, стабилноста или безбедноста на Либија или што го попречуваат или го поткопуваат успешното завршување на нејзината политичка транзиција, вклучувајќи:

(i) планирање, насочување или извршување дејства што го прекршуваат применливото меѓународно право за човекови права или меѓународното хуманитарно право, или дејства што претставуваат злоупотреби на човековите права, во Либија;

(ii) напади врз кој било аеродром, копно или пристаниште во Либија или врз либиски државни институции или објекти, или врз која било странска мисија во Либија;

(iii) обезбедување поддршка на вооружени групи или криминални мрежи преку нелегална експлоатација на сурова нафта или кој било друг природен ресурс во Либија;

(iv) закани или изнудувања против либиските државни финансиски институции и Либиската национална нафтена компанија, или учество во какво било дејство што може да доведе до проневера на либиските државни средства или да резултира со такви проневери;

(v) прекршување, или помагање во заобиколувањето на одредбите од ембаргото за оружје за Либија утврдено во Резолуцијата на ОН 1970 (2011) и член 1 од оваа одлука;

(vi) попречување или поткопување на изборите планирани во рамките на планот на Либискиот форум за политички дијалог;

(vii) преземање дејства за, во име на или под раководство на лицата или субјектите вклучени во списокот;“.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот по нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија.*

Луксембург, 21 јуни 2021 година.

*За Советот*
*Претседател*
Ж. БОРЕЉ ФОНТЕЉЕС

# COUNCIL DECISION (CFSP) 2021/1014

## of 21 June 2021

## amending Decision (CFSP) 2015/1333 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 31 July 2015, the Council adopted Decision (CFSP) 2015/1333 [1] concerning restrictive measures in view of the situation in Libya.

(2) On 16 April 2021, the United Nations Security Council (UNSC) adopted resolution 2571 (2021). The UNSC recalled resolution 2174 (2014), which decided that the measures set out in resolution 1970 (2011) also apply to individuals and entities engaging in or providing support for acts other than those specified in UNSCR 1970 (2011), that threaten the peace, stability or security of Libya, or obstruct or undermine the successful completion of its political transition. It also underlined that such acts could include obstructing or undermining the elections planned for in the Libyan Political Dialogue Forum roadmap.

(3) Following an assessment of the situation in Libya, including with regard to the elections planned for in the Libyan Political Dialogue Forum (LPDF) Roadmap, the Council considers it necessary to clarify that the criteria for the imposition of restrictive measures also encompass natural or legal persons and entities obstructing or undermining those elections.

(4) Decision (CFSP) 2015/1333 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Decision (CFSP) 2015/1333 is amended as follows:

(1) in Article 8, paragraph 2(c) is replaced by the following:

'(c) engaged in or providing support for acts that threaten the peace, stability or security of Libya, or obstructing or undermining the successful completion of its political transition, including by:

(i) planning, directing, or committing acts that violate applicable international human rights law or international humanitarian law, or acts that constitute human rights abuses, in Libya;

(ii) attacks against any air, land, or sea port in Libya, or against a Libyan State institution or installation, or against any foreign mission in Libya;

(iii) providing support for armed groups or criminal networks through the illicit exploitation of crude oil or any other natural resources in Libya;

(iv) threatening or coercing Libyan State financial institutions and the Libyan National Oil Company, or engaging in any action that may lead to or result in the misappropriation of Libyan State funds;

(v) violating, or assisting in the evasion of, the provisions of the arms embargo in Libya established in UNSCR 1970 (2011) and Article 1 of this Decision;

[1] Council Decision (CFSP) 2015/1333 of 31 July 2015 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya, and repealing Decision 2011/137/CFSP (OJ L 206, 1.8.2015, p. 34).

(vi) obstructing or undermining the elections planned for in the Libyan Political Dialogue Forum Roadmap;

(vii) acting for or on behalf of or at the direction of listed persons or entities;';

(2) in Article 9, paragraph 2(c) is replaced by the following:

'(c) engaged in or providing support for acts that threaten the peace, stability or security of Libya, or obstructing or undermining the successful completion of its political transition, including by:

(i) planning, directing, or committing acts that violate applicable international human rights law or international humanitarian law, or acts that constitute human rights abuses, in Libya;

(ii) attacks against any air, land, or sea port in Libya, or against a Libyan State institution or installation, or against any foreign mission in Libya;

(iii) providing support for armed groups or criminal networks through the illicit exploitation of crude oil or any other natural resources in Libya;

(iv) threatening or coercing Libyan State financial institutions and the Libyan National Oil Company, or engaging in any action that may lead to or result in the misappropriation of Libyan State funds;

(v) violating, or assisting in the evasion of, the provisions of the arms embargo in Libya established in UNSCR 1970 (2011) and Article 1 of this Decision;

(vi) obstructing or undermining the elections planned for in the Libyan Political Dialogue Forum roadmap;

(vii) acting for or on behalf of or at the direction of listed persons or entities;'.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Luxembourg, 21 June 2021.

*For the Council*

*The President*

J. BORRELL FONTELLES